# АЈ ДА БЕГАМЕ, МОРИ ВАСЕ




*Ај да бегаме, мори Васе, ај да бегаме,*
*ај да бегаме града Солуна.*

*Там ќе најдеме, мори Васе, там ќе најдеме,*
*там ќе најдеме мома Спасија.*

*Мома Спасија, мори Васе, мома Спасија,*
*мома Спасија болна легнала.*

*И повикала, мори Васе, и повикала*
*и повикала до три доктури.*

*Први му вели, мори Васе, први му вели,*
*први му вели: не се лекува;*
*втори му вели: од мерак лежи:*
*трети му вели, мори Васе, трети му вели,*
*трети му вели: јас ќе ја леквам,*
*јас ќе ја леквам и ќе ја земам.*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978